IX, 454



Ликовно претставување на Јане Чаловски и Христина Иваноска

# Запознавање на природата и општеството: спирално патување

*Во средата, во Центарот за современи уметности и Македонскиот центар за фотографија, се отвори изожбата на Јане Чаловски и Христина Иваноска на која, во првиот, беа изложени моделот за просторна интервенција, цртежи и друг визуелен и видео материјал, а во вториот фотографии произлезени од делото*



*Сашо Талевски*

Проектот на двајцата уметници, наречен "Запознавање на природата и општтството: спирално патување", произлегува од идејата на авторите преку "спирално патување од центарот на Македонија кон политичко-културниот центар Скопје, да воспостават корелација меѓу извесни лични, општествени и ликовно/теоретски размислувања за поимот на дејствување во простор". Идејата започнала во 2000 г., под работен наслов "Територија", меѓутоа, "непредвидливата политичко-безбедносна ситуација во земјата и непристапноста на одделни територии во западниот дел од Македонија кои се зацртани како дел од патеката на движење", спречија целосно да се реализира "аспектот на личното доживување" на авторите на "територијата" на замисленото патување, од каде што, се чини, се наметнаа "општествените аспекти", коишто влијаеја врз конечната слика на изложбата.

Конечниот производ беше поставен на две одвоени локации: во Центарот за современи уметности, каде што посетителите беа воведени во "запознавањето на природата" преку видео материјал на кој беа прикажани снимки на "чистиот и непосреден" однос кон природата, во речиси бесконечен "луп", за во вториот дел од галерискиот простор, еден наспроти друг, посетителите да бидат ставени во амбиентот на скалилата на "општествениот лавиринт", кој го карактеризираат конституираните меѓучовечки односи, најчесто безначајни ангажмани, претставени преку речиси детски цртежи, со ист таков детски хумор и невиност во толкувањето и доживувањето на "општеството".



Во вториот просторно одвоен галериски простор, Македонскиот центар за фотографија, беа поставени фотографии како резиме на сфаќањето на таквата констелација на природно-општествените сфери на живеење, на авторите, како нивен своевиден став и критички однос кон таквото испреплетување.

Проектот на **Чаловски** и **Иваноска** со лесен пристап и едноставен детски хумор не претендира кон претерана критичност на општествениот аспект, иако нивниот општествен ангажман е сосема видлив и може да се вброи во категоријата, како што ја дефинира **Небојша Вилиќ**, "безинтересно зафаќање со стварноста, но длабоко зафаќајќи во нејзината суштина". ■